Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 01.03.2020

На 29.02.2020 во 21,05 часот, полициски службеници од СВР Скопје од ул."Ѓорѓи Димитров", лишиле од слобода 17 годишна скопјанка затоа што при извршен преглед кај неа била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против неа ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.03.2020 во 01,00 часот на Граничниот премин "Меѓународен аеродром Скопје" при извршената контрола на М.Р.(26) од Косово, утврдено било дека користела туѓа патна исправа. Таа била лишена од слобода и предадена во полициска станица за понатамошна постапка.

На 01.03.2020 во 01,30 часот од полициски службеници од Полициската станица за граничен премин и граничен надзор Богородица–Железнички премин, бил спречен обид за нелегално поминување на државната граница од Р.С.Македонија во Р.Грција, на В.А.(30) од Р.Албанија. Тој бил приведен во полициска станица за понатамошна постапка.

На 29.02.2020 во 16,50 часот на Граничниот премин Табановце, за излез од Р.С.Македонија, по извршена контрола констатирано било дека Ц.Б.(36) од Р.Србија, евидирал во Стоп-листа, односно Интерпол Унгарија имала распишано меѓународна потерница. Тој бил приведен и предаден на полициски службеници од СВР Куманово, за понатамошна постапка.

На 29.02.2020 во 13,45 часот на Граничниот премин Табановце, на излез од Р.С. Македонија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа" лишен од слобода бил О.Д.(21) од Р.Турција со белгиска патна исправа. При извршена дополнителна контрола била пронајдена и белгиска возачка дозвола со исти податоци од патната исправа. Од извршените проверки било констатирано дека влез во Р.С.Македонија имал остварено на 26.02.2020 на Граничниот премин "Меѓународен аеродром Скопје" со негова турска патна исправа. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 29.02.2020 во 18,10 часот било пријавено дека во Прилеп на крстосницата од ул.„Мечкин Камен" со ул."Ѓорѓи Димитриов", се случила сообраќајна незгода во која учествувале патничко моторно возило "фиат пунто" со бугарски национални ознаки, управувано од М.Л.(61) од Прилеп, и велосипед управуван од В.Л.(62) од Прилеп. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот, по што бил пренесен во Општата болница Прилеп за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

На 29.02.2020 во 16,00 часот во Полициската станица Аеродром П.Н.(69) од Скопје, пријавил дека на бул."АСНОМ" бил каснат од куче скитник во пределот на десната потколеница.

На 29.02.2020 во 20,20 часот било пријавено дека на крстосницата од ул."Ѓорче Петров" и ул."Мајски манифест" се случила сообраќајна незгода во која учествувале патничко моторно возило "југо" со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.Ш.(22) од Скопје, и патничко моторно возило "БМВ" со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.М.(22) од Скопје, а настрадале и пешаци. При незгодата со повреди се здобиле двајцата возачи, како и пешаците Б.Т.(19) и уште две лица на возраст од 16 и 17 години сите од Скопје по што биле пренесени во болницата Аџибадем Систина и Градската општа болница "8-ми Септември" за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 29.02.2020 во 16,30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров С.Н.(35) од Скопје пријавил дека во с.Кучково додека се возел со велосипед бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

На 01.03.2020 во 09,30 часот било пријавено дека на магистралниот пат Кичево-Гостивар кај с.Трапчин дол се случила сообраќајна незгода во која учествувале патничко моторно возило "ауди" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од В.М.(20) од с.Зајас, и трактор управуван од Б.А.(61) од с.Грешница. На местото на настанот починал Б.А., а В.М. бил пренесен во Медицинскиот центар во Кичево за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Кичево.

На 01.03.2020 околу 04,00 часот во нас.Три Чешми-Штип, на патот во изградба Штип-Кочани, полициски службеници од Мобилната единица за компезаторни мерки при ОГРМ сопреле товарно моторно возило „Ивеко" со скопски регистарски ознаки управувано од С.П.(46) и совозач Т.Р.(32) двајцата од Велес, кое претходно не застанало на даден знак, при што биле пронајдени 78 мигранти (41 од Пакистан, 26 од Авганистан, пет од Сирија, четири од Египет и две лица од Турција). С.П и Т.Р. биле лишени од слобода и се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 01.03.2020 во 03,40 часот било пријавено дека на ул.„Анастас Митрев" поради недоразбирање во сообраќајот, на Ф.Д.(37) од Скопје кој управувал такси возило со скопски регистарски ознаки, му било попречено движењето од патничко моторно возило „пасат" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.Н.(30) кој бил заедно со А.Д.(34), двајцата од Скопје. Потоа, според пријавеното, М.Н и А.Д. излегле од возилото и почнале со бекатон коцки да удираат по такси возилото. Притоа, Ф.Д. со возилото го удрил М.Н., кој бил пренесен во Комплексот клиники "Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.02.2020 во 17,55 часот било пријавено дека на ул."Ѓорѓи Капчев" В.Ј. (38) од Скопје по претходна расправија била физички нападната од С.Н. Се работи на расчистување на случајот.

На 29.02.2020 во 21,40 било пријавено дека во центарот за згрижени лица Чучино село Н.И.(38) од Скопје физички го нападнал Ф.А.(22). Сочинет записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗППЈРМ.

На 29.02.2020 во 17,00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров Н.П.(41) од Скопје пријавил дека на ул."Лука Геров" додека возел велосипед бил каснат од куче скитник во пределот на двете нозе.

На 01.03.2020 во 00,10 часот Р.Ч.(22) од с.Ораовица пријавил дека на паркинг просторот позади кафе бар во Радовиш тој и неговиот другар Д.Ц. биле физички нападнати од М.А., Л.Е. и М.К. од Радовиш. Се работи на расчистување на случајот.

На 01.03.2020 во 02,50 часот било пријавено дека пред влез на угостителски објект во Пробиштип по претходна расправија бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу Д.Ѓ.(35) и З.П.(36), двајцата од Пробиштип од една страна, и З.Т.(41) од Пробиштип од друга страна. Се работи на расчистување на случајот.

На 29.02.2020 во 20,00 часот Е.П.(73) пријавил дека во с.Лаки-виничко бил физички нападнат од С.П.(26), двајцата од с.Лаки. Се работи на расчистување на случајот.

На 01.03.2020 во 02,30 часот полициски службеници од Полициската станица Гостивар на магистралниот пат Гостивар-Кичево во близина на наплатната рампа Гостивар ги лишиле од слобода Е.А.(19) од Тетово и О.Б.(19) од Скопје затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.02.2020 во 21,50 часот полициски службеници од Полициската станица Гостивар на ул."Светозар Пеповски" во Гостивар лишиле од слобода 17 годишник од Гостивар затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.02.2020 во 10,00 часот од полициски службеници од СВР Скопје во с.Глумово бил приведен Н.С.(34) од Скопје по наредба на ОСС Скопје 1 за издржување на казна затвор во траење од две години.

На 29.02.2020 во 21,30 часот од полициски службеници од СВР Скопје од подрачјето на Сарај бил приведен Л.С.(19) од Скопје по наредба на ОСС Скопје 1 за издржување на казна затвор.

На 29.02.2020 во 13,10 часот било пријавено дека покрај регионалниот пат Тетово-с.Селце, покрај градежен смет, биле пронајдени две кумулативни мини и четири тромблонски моментни мини. Истите биле безбедно подигнати од стручно лице од ДЗС-Тетово. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР-Тетово.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет